**20111854143**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за осигурување од природни катастрофи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2011 година.

Бр. 07- 5400/1
27 декември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 5.000.000 САД долари наменет за реализација на Проектот за осигурување од природни катастрофи.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за осигурување од природни катастрофи, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 22 години, со вклучен грејс период од шест години.

Каматната стапка е шестмесечен ЛИБОР со варијабилен распон (за САД валута).

Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 32 полугодишни рати, на секој 15 мај и 15 ноември во годината. Од 15 мај 2017 до 15 мај 2032 година ќе се отплатат 31 полугодишна рата секоја во износ од 3,13 % од износот на заемот, додека на 15 ноември 2032 година ќе се отплати последната рата во износ од 2,97% од износот на заемот.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за финансии.

Проектот ќе го имплементира Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Член 5

Република Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".